# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 23/2019 Пробиштип 25.04.2019 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.23 одржана на ден 24.04.2019 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Општина Пробиштип бр. 26-396/3,
2. Деловник за изменување на Деловник за работа на Советот на Општина Пробиштип бр. 26-396/4,
3. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичка планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Викторија и Никола Николова бр. 26-396/5,
4. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичка планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Томе Димитриевски бр. 26-396/6,
5. Одлука за усвојување на Финансиски изветај за извршување на буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година бр. 26-396/7,
6. Одлука за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП Никола Карев за период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година бр. 26-396/8,
7. Програма за работа од областа на располагање со градежно зенјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Пробиштип за 2019 година бр. 26-396/9,
8. Заклучок за усвојување на Извештај за хигиено епидемиолошката состојба во Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-396/10,
9. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма за уредување на градежно земјиште на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-396/11,
10. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-396/12,
11. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма за одржување на јавно сообракајни површини за 2018 година бр. 26-396/13,
12. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма за одржување на јавно зелени површини за 2018 година бр. 26-396/14,
13. Заклучок за усвојување на Извештај за спроведување на Програма за управување со отпад на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-396/15,

14. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма за енергетска ефикасност за 2018 година бр. 26-396/16,
15. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма за одбележување на Празници и манифестации на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-396/17,
16. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма за социјални и други потреби за 2018 година бр. 26-396/18,
17. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација Програма за спроведување на активностите на спортските друштва за 2018 година бр. 26-396/19,
18. Одлука за изменување на Одлука за усвојување на Коригиран Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финасирање на доспеани, а неплатени обврски до 30.09.2018 година бр. 26-396/20,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-396/22 ГРАДОНАЧАЛНИК НА
25.04.2019година ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Пробиштип Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Статутот на Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 119 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), а во врска со Уставните амандмани бр. XXXIII (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.6/2019),Советот на Општина Пробиштип, на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип, на седницата одржана на 24.04.2019 година, донесе:

СТАТУТАРНА ОДЛУКА
За изменување на Статутот на Општина Пробиштип

Член 1

Со оваа Статутарна одлука се врши изменување на Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/2002, 25/2014 и 29/2015) и тоа:

Во член 2 став 1, член 8 став 1, член 10 став 1, член 40 став 4, член 117 и член 118 зборовите „Република Македонија" се заменуват со „Република Северна Македонија" .

Член 2

Оваа Стаутарна одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-396/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 48 и 49 од Статутот на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) а во врска со Уставниот амандман бр. XXXIII (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.6/2019) а на предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година донесе:

ДЕЛОВНИК
За изменување на Деловник на Советот на Општина Пробиштип

Член 1

Со овој деловник се врши изменување на Деловникот на Советот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 5/2005) и тоа:

Во членот 5 и членот 16 став 1 зборовите „Република Македонија" се заменуват со „Република Северна Македонија" .

Член 2

Овој Деловник за изменување на Деловникот на Советот на Општина Пробиштип влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-396/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ"бр.23/11, 54/11, 155/12, 3/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип („Сл.гласник на Општина Пробиштип" бр.6/2006), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година ја усвои следната:

О Д Л У К А
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена А4-времено сместување (викенд куќа) изграден на КП.бр.1885, МВ „Леговец,, КО Древено, Општина Пробиштип, изграден од страна на Викторија и Никола Николови со адреса на живеење на ул.„Козле,, бр.85А од Општина Карпош, Скопје.

Член 2

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на лицата Викторија и Никола Николови.

Член 3

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена А4-домување-времено сместување во викенд куќа.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-396/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ"бр.23/11, 54/11, 155/12, 3/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип („Сл.гласник на Општина Пробиштип" бр.6/2006), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година ја усвои следната:

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност

Член 1
Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена А4-времено сместување (викенд куќа) изграден на КП.бр.3880, МВ „Древенски рид„ КО Пробиштип, Општина Пробиштип, изграден од страна на Томе Димитриевски со адреса на живеење на ул.„Планинска„ бр.16 од Пробиштип.

Член 2
Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на лицето Томе Димитриевски.

Член 3
Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена А4-домување-времено сместување во викенд куќа.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-396/6
24.04.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година, ја донесе следната :

ОДЛУКА
За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2019 година до 31.03.2018 година

Член 1
Се усвојува финансискиот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2019 година до 31.03.2019 година.

Член 2
Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во извештајот.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13 и 41/014, 138/14, 25/15, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година, расправајќи по Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

За давање согласност на финансиски извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година

Член 1

Се дава согласност на Финансискиот извештај на ЈКП „ Никола Карев “ Пробиштип за за период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансиксиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за за период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година бр. 05-297/1 од 12.04.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година, расправајќи по Информацијата за хигиено епидемиолошката состојба во Општина Пробиштип за 2018 година поднесена од Центарот за јавно здравје Штип П.Е.Пробиштип бр. 26-334/1 од 27.03.2019 година, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Информацијата за хигиено епидемиолошката состојба во Општина Пробиштип за 2018 година

1.СЕ УСВОЈУВА Информацијата за хигиено епидемиолошката состојба во Општина Пробиштип за 2018 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Информацијата за хигиено епидемиолошката состојба во Општина Пробиштип за 2018 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година, расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Пробиштип за 2018 година, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Пробиштип за 2018 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Пробиштип за 2018 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Пробиштип за 2018 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година, расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Пробиштип за 2018 година, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Пробиштип за 2018 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Пробиштип за 2018 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Пробиштип за 2018 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година, расправајќи по Извештај за реализација на Програма за одржување на јавно сообракајни површини на Општина Пробиштип за 2018година, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештај за реализација на Програма за одржување на јавно сообраќајни површини на Општина Пробиштип за 2018 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештај за реализација на Програма за одржување на јавно сообракајни површини на Општина Пробиштип за 2018 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештај за реализација на Програма за одржување на јавно сообракајни површини на Општина Пробиштип за 2018 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/13 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година, расправајќи по Извештај за реализација на Програма за одржување на јавно зелени површини на Општина Пробиштип за 2018година, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештај за реализација на Програма за одржување на јавно зелени површини на Општина Пробиштип за 2018 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештај за реализација на Програма за одржување на јавно зелени површини на Општина Пробиштип за 2018 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештај за реализација на Програма за одржување на јавно зелени површини на Општина Пробиштип за 2018 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година, расправајќи по Извештајот за спроведување на Програмата за управување со отпад на Општина Пробиштип за 2018 година, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за спроведување на Програмата за управување со отпад на Општина Пробиштип за 2018 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за спроведување на Програмата за управување со отпад на Општина Пробиштип за 2018 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за спроведување на Програмата за управување со отпад на Општина Пробиштип за 2018 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/15 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година, расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Пробиштип за 2018 година, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Пробиштип за 2018 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Пробиштип за 2018 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Пробиштип за 2018 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/16 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година, расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на празници и манифестации и настани на Општина Пробиштип за 2018 година, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на празници и манифестации и настани на Општина Пробиштип за 2018 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на празници и манифестации и настани на Општина Пробиштип за 2018 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на празници и манифестации и настани на Општина Пробиштип за 2018 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/17 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година, расправајќи по Извештај за реализација на Програма за социјални и други потреби на Општина Пробиштип за 2018 година, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за реализација на Програма за социјални и други потреби на Општина Пробиштип за 2018 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програма за социјални и други потреби на Општина Пробиштип за 2018 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програма за социјални и други потреби на Општина Пробиштип за 2018 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/18 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година, расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за спроведување на активностите на спортските друштва за 2018 година, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за спроведување на активностите на спортските на Општина Пробиштип за 2018 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за спроведување на активностите на спортските друштва на Општина Пробиштип за 2018 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за спроведување на активностите на спортските друштва на Општина Пробиштип за 2018 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/19 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 8 став 4 од Законот за финансиска подршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани а мнеплатени обврски (Сл.весник на РМ бр.209/2018) Советот на општина Пробиштип на 23-тата седницата одржана на ден 24.04.2019 година ја донесе следната

О Д Л У К А за изменување на О Д Л У К А Т А
За усвојување на Коригиран Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финасирање на доспеани, а неплатени обврски до 30.09.2018 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши ИЗМЕНУВАЊЕ на Одлуката бр. 26-50/3 од 18.01.2019 година за Усвојување на Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финасирање на доспеани, а неплатени обврски пријавени во Електронскиот систем за пријавување на евиденцијата на обврските (ЕСПЕО) до 30.09.2018 година, а кој се финансирани од доделени средства од државниот буџет.

Член 2

Во членот 3 бројот „27“ се заменува со број „28“ .

Член 3

Во членот 4 став 1 во првиот ред бројот „10“ се заменува со број „11“ а во четвртиот ред бројот „11“ се заменува со број „12“.

Во член 4 став 2 бројот„11“ се заменува со број „12“.

Член 4

Во член 5 бројот„12“ се заменува со број „13“ а бројот „27“ се заменува со број „28“.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-396/20 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.04.2019 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ„ 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016), на предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.04.2019 година ја донесе следната :

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2019 ГОДИНА

**Содржина на Програмата:**

**Вовед**

- Општ дел
- А) Просторен опфат и предмет на Програмата
- Б) Основи за изработка на Програмата
  - Законски основ
  - Основни плански документи

1. **Цели на Програмата**

- Општи цели на Програмата
- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**

- Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на управување во тоа населено место/локалитет
- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на управување во тоа населено место/локалитет
- Детален преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност)
  a. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање

3. **Преодни и завршни одредби**

<u>ВОВЕД:</u>

<u>**Општ дел**</u>

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ„ 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, пштините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопстеноста на општините им ги овозможува следните права: право на градење, право на користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат на него други стварни права.

**А) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е управување со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија кое се наоѓа на територијата на Општина  Пробиштип, за време на календарската 2019 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во Програмата се предвидува предмет на управување со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети: Пробиштип, Злетово, Спортско рекреативен туристички центар 'Пониква", Неокази, Јамиште, Шталковица.

**Б) Основи за изработка на Програмата**

- **Законски основ**
  Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се:
  - Закон за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр. 5/2002),
  - Закон за градежно земјиште („15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016) и
  - Статутот на Општина Пробиштип („Сл. Гласник на Општина Пробиштип„ бр. 4/2005, 25/2014 и 29/2015)
- **Основни плански документи**
  Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:
  - **Стратегија за локален економски развој на Општина Пробиштип** за плански период 2015-2020 год
  - **Локален еколошки акционен план за Општина Пробиштип** за плански период 2009-2015 год.
  - **Просторен план** на Општина Пробиштип.
  - **Генерален урбанистички план** на Град Пробиштип за плански период 1995-2005 год.
  - **Урбанистички планови за населените места во Општина Пробиштип и Спортско рекреативниот туристички центар „Пониква„ и локалитетот „Арамиска чешма„ на Осоговските Планини**

1. **Цели на Програмата**

- **Општи цели на Програмата**
  Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.
- **Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**
  Заинтерсираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)**

- **Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање** во населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели
- **Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план)**

**А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање**

Табела А . ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ОТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за Блок 12.1 Општина Пробиштип - плански период од 2009-2014год.

| Р. Б. | Бр. на ГП | Вкупна површ. на ГП $м^2$ | Намен на земј. (основ. класа) | Намена на земјиш. (опис) | Бр.на КП во состав на ГП | Површ. за градба $м^2$ | Бруто разв. површ. | Проц. на изгр. % | Коеф. на искор. на земјиш. | Max дозволен а висина | Катност | Забелешк а |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 121.1 | 2615,о | Б1 | комерц | 983/1 | 696,о | 1392 | 27 | 0,5 | 7,0м | П+1 | |
| 2. | 121.12 | 1873,о | Г3 | лесна индустр. | дел од 1002/3 | 521,о | 521 | 28 | 0,3 | 6,0м | П | |
| 3. | 121.13 | 5120,о | Г2 | лесна индустр. | дел од 1002/1 1002/3 | 2956,о | 2956 | 58 | 0,6 | 6,0м | П | |
| 4. | 121.38 | 3034,о | Б1 | комерц | 986/1, 1002/1 985 | 1010,о | 2020 | 33 | 0,7 | 7,0м | П+1 | |
| 5. | 121.40 | 1726,о | Г2 | лесна индустр. | 992 | 576,о | 576 | 33 | 0,3 | 6,0м | П | |
| 6. | 121.41 | 1489,о | Г2 | лесна индустр. | 992 | 629,о | 629 | 42 | 0,4 | 6,0м | П | |
| 7. | 121.42 | 459,о | Г2 | лесна индустр. | дел 993 и 994 | 126,о | 126 | 27 | 0,3 | 6,0м | П | |
| 8. | 121.36 | 1785,о | Г2 | лесна индустр. | дел од 993 и 994 | 1034,о | 1034,0 | 58 | 0,6 | 6,0м | П | |
| 9. | 121.37 | 2429,о | Г2 | лесна индустр. | дел 993 и 994 | 560,о | 560 | 23 | 0,2 | 6,0м | П | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за УБ 7.4 и УБ 11.2** Општина Пробиштип за плански период од 2008-2013год. | | | | | | | | | | | | |
| 10. | 46 | 596,о | А2 | сем.дом. во ст.згр | 1018/1 | 178,о | 712 | 30 | 1,2 | 12,50 | П+3 | |
| 11. | 62 | 2416,о | А2 | сем.дом. во ст.згр | 1099/1 | 325,о | 1625 | 13 | 0,7 | 15,50 | П+4 | |
| 12. | 63 | 2405,о | А2 | сем.дом. во ст.згр | 1012/4<br>1556/1 | 325,о | 1625 | 13 | 0,7 | 15,50 | П+4 | |
| **ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за ДЕЛ од УЕ Бр.26 за плански период од 2002-2007год.** | | | | | | | | | | | | |
| 13. | 10 | 464,о | Б1 | трговија | 1018/1 дел | 116,3 | 232,6 | 25 | 3,0 | 6,60 | П+1 | |
| 14. | 20 | 184,6 | Б1 | трговија | 1018/69 | 78,2 | 78,2 | 43 | 3,0 | 4,30 | П | |
| 15. | 29 | 272,о | Б1 | трговија и угостит | 1018/1 | 148,7 | 297,4 | 41 | 3,0 | 6,60 | П+1 | |
| **ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за УБ 11.1, УМ 1,2,3и4 за плански период од 2004-2009год.** | | | | | | | | | | | | |
| **Урбан Модул 1** | | | | | | | | | | | | |
| 16. | 5 | 645,8 | Б1 | трговија | 1018/2 дел | 277,83 | 555,66 | мах. 52,40 | мах. 1,05 | 7,00 | П+1 | |
| **Урбан Модул 4** | | | | | | | | | | | | |
| 17. | 21 | 410,о | Б1 | трговија | 717/20<br>683-дел | 99,23 | 198,46 | 24 | 0,4 | 7,0 | П+1 | |
| 18. | 22 | 198,о | Б1 и КГ | трговија | 717/2 | 198,о | 198,0 | 100 | 1,0 | 6,50 | П+1 | |
| **ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за УБ 2.1 за плански период од 2008-2013год.** | | | | | | | | | | | | |
| 19. | 14 | 760,о | Г2 | Лесна индустр. | 4442 | 329,о | 329,0 | 43 | 0,43 | 7,50 | П | |
| 20 | 15 | 1125,о | Г2 | Лесна индустр | 4442 | 485,о | 485,0 | 43 | 0,43 | 7,50 | П | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21. | 16 | 2562,о | Г2 | Лесна индустр | 4442 | 1113,о | 1113,0 | 43 | 0,43 | 7,50 | П | |
| 22. | 8 | 18549,о | Г2 | Лесна индустр | 4450 и 4451 | 11275,о | 11275,0 | 61 | 0,61 | 7,50 | П | |
| **ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за УЕ Бр.30 А за плански период од 1999-2004год.** | | | | | | | | | | | | |
| 23. | 164 | 398,о | Б1 | трговија со дел.содр | 1470/164 | 192,о | 576 | 48 | 1,45 | 7,70 | П+1+Пк | |
| 24. | 170 | 843,о | Б1 | трговија со дел.содр | 1470/170 | 315,о | 945 | 37 | 1,12 | 7,70 | П+1+Пк | |
| **ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП ЗА СРТЦ „ПОНИКВА„** | | | | | | | | | | | | |
| 25. | 118 | 6300,о | Б5 | Хотелски комплекси | 332/118 | 1160,о | 3480,0 | 18 | 0,55 | / | П+2<br>П+1<br>П | |
| 26. | 23 | 1895,о | А4 | Авто камп | 332/23 | 1895,о | / | / | / | / | / | |
| 27. | 117 | 1720,о | А4 | Авто камп | 332/117 | 1895,о | / | / | / | / | / | |
| **ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за УБ 7.5 за плански период од 2012 -2017 год.** | | | | | | | | | | | | |
| 28. | 1.34 | 911,о | А2 | сем.дом. во ст.згр | /// | 236,о | 1416,0 | 28 | 1,5 | 19,2 | П+4+Пк | |
| 29. | 1.35 | 1044,о | А2 | сем.дом. во ст.згр | /// | 236,о | 1416,0 | 23 | 1,3 | 19,2 | П+4+Пк | |
| 30. | 1.36 | 826,о | А2 | сем.дом. во ст.згр | /// | 236,о | 1416,0 | 29 | 1,7 | 19,2 | П+4+Пк | |
| 31. | 1.10 | 1412,о | А2 | сем.дом. во ст.згр | /// | 428,о | 2568,0 | 30 | 1,8 | 19,2 | П+4+Пк | |
| 32. | 1.29 | 925,о | А2 | сем.дом. во ст.згр | /// | 392,о | 2352,0 | 42 | __2,5 | 19,2 | П+4+Пк | |
| 33. | 1.30 | 736,о | А2 | сем.дом. во ст.згр | /// | 392,о | 2352,0 | 53 | 3,1 | 19,2 | П+4+Пк | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 34. | 1.44 | 1714,o | А2 | сем.дом. во ст.згр | /// | 323,o | 1938,0 | 19 | 1,1 | 19,2 | П+4+Пк | |
| 35. | 1.31 | 739,o | Г2 | Лесна индустр | /// | 281,o | 562,0 | 38 | 0,7 | 10,0 | П+1 | |
| **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ОД ДУПД за изградба на Индустриски комплекс КО Неокази** | | | | | | | | | | | | |
| 36. | 1.2 | 97366,o | Г1 | Тешка индустр. | 566/1 | 48683,o | 97366,0 | 50 | 1,0 | 15,0 | П | |
| **ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД УПВНМ за СПА ЦЕНТАР „Леговец„- Пробиштип за плански период од 2011-2021 год.** | | | | | | | | | | | | |
| 37.. | 1.1 | 4241,o | А4 | Времено домув. | 1661/1 | 2218,9 | 6686,7 | 52 | 1,5 | 12,0 | П+2 | |
| 38. | 1.2 | 7499,o | А4 | Времено домув. | 1661/1 | 4898,o | 14694,0 | 65 | 1,9 | 12,0 | П+2 | |
| 39. | 1.3 | 9488,o | А4 | Времено домув. | 1661/1 | 5723,,8 | 17171,4 | 60 | 1,8 | 12,0 | П+2 | |
| 40. | 1.6 | 10418,2 | А4 | Времено домув. | 2062 | 7192,7 | 21578,1 | 69 | 2,0 | 12,0 | П+2 | |
| 41. | 1.7 | 5847,8 | А4 | Времено домув. | 1660 | 3368,8 | 10106,3 | 57 | 1,7 | 12,0 | П+2 | |
| 42. | 1.8 | 11326,6 | А4 | Времено домув. | 1661/1 | 7073,7 | 21221,1 | 62 | 1,8 | 12,0 | П+2 | |
| **ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД УПВНМ за СРЦ Пониква м.в АРАМИСКА ЧЕШМА за плански период од 2010-2020 год.** | | | | | | | | | | | | |
| 43. | 1.5 | 5284,0 | А4 | Времено домув. | 1475 | 3256,o | 13024,0 | 62 | 2,5 | 10,2 | П+2+Пк | |


ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ НА
ОТТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за Блок 12.1
Општина Пробиштип - плански период
2009-2014год.


ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ
НА ОТТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО
НАДДАВАЊЕ
ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за Блок 7.4 и
Блок 11.2 Општина Пробиштип - плански
период 2009-2014год.

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ОТТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ од ДУП за Уе.бр.26 за плански период од 2002-2007год.






ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ОТТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ од ДУП за УМ бр.4




ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ОТТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ од ДУП за УБ 2.1 за плански период од 2008-2013 год.






ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ОТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ од ДУП за УЕ. бр.30 А за плански период од 1999- 2004год.




ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ОТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ од ДУП за СРЦ "ПОНИКВА" (хотел)



ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ОТТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ од ДУП за СРТЦ "ПОНИКВА"






ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ОТТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ од СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН И БАЊСКИ ЦЕНТАР,
м.в.ЛЕГОВЕЦ, К.О.ДРЕВЕНО И ЗЛЕТОВО – плански период од 2011-2021год



ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ОТТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ од УПВНМ – АРАМИСКА ЧЕШМА



## 3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

- **Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели:** најголема целна група се инвеститорите на објекти за лесна и незагадувачка индустрија, мало стопанство (ДУП УБ 12.1), инвеститори на објекти за трговија и деловни објекти, индивидуално домување, спорт и рекреација и слично. Во скоро сите планови постои разновидност на локации со разновидна намена, со исклучок на локациите од ДУП за УБ 12.1 кои се претежно наменети за лесна и незагадувачка индустрија и мало стопанство.

- **Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали:** презентации на локациите во јавни медиуми, на веб страната на Општина Пробиштип, на собири на заинтересирани инвеститори, на локалните медиуми, во печатените медиуми на државно ниво, во директни средби со заинтересирани инвеститори, директна комуникација со евидентирани заинтересирани инвеститори од базата на податоци на Одделението за урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој и од другите сегменти од локалната самоуправа и слично.

- **Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата:** средствата се вклучени во различни сегменти од работењето и од буџетот на Општина Пробиштип

- **Дефинирање на временската рамка за имплементација на маректинг стратегијата:** до крајот на 2019 година

- **Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата:** Градоначалникот, вработените во Одделението за урбанизам, Одделението за локален економски развој и други вработени во локалната администрација

## 4. Динамика на реализација на Програмата

- **Број на турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси:** градежните парцели за јавно наддавање се планира да се објават во првото тромесечие од 2019 година а останатите локации во наредните тромесечија од 2019 година.

- **Пропишување на условите за наддавање:** висината на депозитот за учество на јавно наддавање е 10% од почетната цена за јавно наддавање за секоја градежна парцела која што почетна цена е одредена со Уредбата за начинот и постапката на отуѓување, давање под долготраен закуп и краткотраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, со јавно наддавање, по пат на прибирање на понуди и со непосредна спогодба, висината на трошоците на постапката за отуѓување и давањето под закуп, како и

висината на цената на земјиштето и на закупнината („Службен весник на РМ„ бр. 163/16, 190/17 и 201/18). Јавното наддавање ќе се врши по електронски пат на веб страницата : **www.gradezno-zemjiste.mk** Условите за учество ќе се одредуваат во јавните објави кои ќе следат.

5. **Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони во тоа населено место или локалитет.

6. **Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

Финансиските средства потребни за реализација на програмате се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на селдните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште;
- трошоци по основ на експропријација;
- трошоците по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица, и
- трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

7. **Преодни и завршни одредби**

- Програмата ја усвојува Советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.
- Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот гласник на општината.

Број 26-396/9
24.04.2019 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.